Бр.354-1-0201 од 19.11.2013 година

Врз основа на членовите 146, 147 и 197 од Законот за авторското право и сродните права (Службен Весник на РМ број 115/10,140/10.51/11 и 147/13), членовите 13,24 и 64 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права и членовите 22 и 23 од Законот за здруженија на граѓани и фондации на Р.Македонија (Службен Весник на РМ број 52/10), Собранието на Здружението за заштита на авторски музички права на ден 18.11.2013 год. донесе

# СТАТУТ

## на Здружението за заштита на авторски музички права

## (пречистен текст)

### 1. Општи одредби

### Член 1

Здружението за заштита на авторски музички права (во понатамошен текст: Здружението) е организација за колективно управување на авторските музички права на носителите на авторски музички права (во понатамошен текст: носители на права), во согласност со Законот за авторското право и сродните права (во понатамошниот текст ЗАПСП), овој Статут и дозволата на Министерството за култура на Владата на Република Македонија.

### Член 2

Здружението работи со непрофитна цел врз принципите на рационалност и транспаретност и со почитување на правата за конкуренција, а своите права и обврски и одговорности ги извршува во согласност со Уставот на Р.Македонија и законите.

Работата на Здружението е јавна.

### Член 3

Здружението има својство на правно лице.

Во сите дејствија кои ги превзема, како и односите со трети лица и правниот промет Здружението настапува во свое име, а за сметка на носителите на правата.

За обврските превземени во правниот промет Здружението одговара со средствата со кои располага.

### Член 4

Здружението е неполитичка и непрофитна организација.

## 2. Име, седиште и застапување на Здружението

### Член 5

Името на Здружението е: "Здружение за заштита на авторски музички права".

Скратеното име на Здружението е: "ЗАМП"- Скопје.

Седиштето на Здружението е во Скопје, ул."Митрополит Тедодосиј Гологанов" бр.28.

### Член 6

Здружението има печат и штембил.

Печатот има облик на круг по чија кружница, на внатрешната страна е испишано името на здружението: "Здружение за заштита на авторски музички права", а во средината, скратеното име на здружението: "ЗАМП"- Скопје.

Штембилот има облик на правоаголник на кој на горниот дел е испишано името на Здружението, а на долниот дел број, датум, година - Скопје.

Печатот и штембилот се ставаат на одлуките и другите акти што ги донесуваат органите на Здружението, на преписките и другата коресподенција од Стручната служба, како и од претседателите на органите за своите надлежности утврдени со Статутот.

### Член 7

Здружението во правниот промет со трети лица го претставува Претседателот на Собранието или од него овластено лице, а го застапува Претседателот на Управниот одбор или од него овластено лице со права и обврски во согласност со закон, Статутот и актите на Здружението.

## 3. Видови и обем на правата што се остваруваат

### Член 8

А) Здружението колективно ги управува следниве права:

1.Умножување и изнајмување на несценски музички дела на фонограми и видеограми

2. Јавно соопштување несценско музичко дело;

3. Кабелско реемитување на несценско музичко дело.

Б) Здружението колективно може да ги управува и следните права:

1. Право на авторот на надоместок од правото на следство;

2. Право на авторот на дел од единствениот надоместок од јавна послуга;

3. Право на авторот на дел од единствениот надоместок од изнајмување фонограми или видеограми;

4. Право на авторот на дел од единствениот надоместок од умножување на носач на звук, по пат на копирање или која било слична техника со слични ефекти, за приватно користење;

5. Право на авторот на дел од единствениот надоместок од умножување на фонограм за приватно користење;

6. Право на авторот на дел од единствениот надоместок од умножување на видеограм за приватно користење.

Здружението во случаите на единствените надоместоци предвидени во точката Б од овој член, согласно ЗАПСП колективнотото управување на правата може да го врши по овластување на други соодветни организации на носители на права преку склучување посебен договор или Здружението може со договор да овласти друга соодветна организација да го врши колективното управување на правата од точката Б од овој член.

Здружението може да врши административно технички работи за права кои се надвор од правата за кои има дозвола, а се во надлежност на други здруженија согласно договор.

## Член 9

Во колективното управувањето на авторските музички права Здружението ги врши особено следните работи:

1) ги штити интересите на носителите на правата со кои управуваат преку следење на нивното користење во Република Македонија и во странство;
2) ги врши правните работи и односите на носителите на правата со корисниците и води постапки пред судовите и други органи заради заштита на авторското право и слично;
3) донесува и објавува општи акти за прибирање и за распределба на надоместоци од користењето, во согласност со закон и овој Статут;
4) склучува договори со соодветни организации во странство;
5) неисклучиво пренесува право за користење авторски дела со договор или на друг пишан начин;
6) ги прибира утврдените надоместоци од корисниците и врши нивна распределба на носителите на правата во согласнот со закон и општите акти;
7) бара од корисниците информации и документи потребни за определување на висината на надоместокот за користење на правата;
8) врши контрола на користењето на авторските дела;
9) обезбедува внатрешна контрола, отчетност и одговорност на органите и лицата за работите во нивна надлежност во согласнот со закон и општите акти;
10) обезбедува и овозможува јавност на работењето (обезбедува пристап на носителите на правата до информациите за користење на правата, за прибраните средства и за распределбата);
11) обезбедува и овозможува увид во работењето и податоците од страна на носителите на правата, на начин, во обем и под услови определени со закон и општи акти на Здружението и
12) обезбедува и одржува просторни, кадровски и други услови определени со ЗАПСП заради успешно остварување на работата.

Здружението води евиденција на делата и носителите на правата по основа на: пријавени дела од страна на носителите на правата, добиени податоци од системот за електронско евидентирање на емитуваните авторски дела, доставената документација од страна на корисниците на правата и други извори. Евиденцијата ја води Стручната служба, а еднаш годишно ја утврдува Управниот одбор.

## Член 10

Колективното управување со правата на носителите на права опфаќа правни работи со корисниците на правата, прибирање на надоместоци од користењето, нивна распределба и заштита на правата пред државни органи и други субјекти.

Колективното управување на правата на домашните автори кои се користат во странство, Здружението ги врши врз основа на посебни договори кои ги склучува со соодветни странски организации.

Здружението колективно ги управува на територијата на Р.Македонија и правата на странските автори и носители на права, ако нивните дела уживаат заштита според ЗАПСП и врз основа на меѓународните конвенции и други договори склучени меѓу Р.Македонија и други земји, како и врз основа на реципрочни договори склучени меѓу Здружението и соодветни странски здруженија.

# 4. Органи на Здружението, нивна надлежност, отчетност, одговорност, начин на работа, избор и разрешување

## Член 11

Здружението ги има следниве органи:

- Собрание
- Управен одбор
- Надзорен одбор

## СОБРАНИЕ

## Член 12

Собранието е највисок орган на Здружението.

Собранието го сочинуваат 16 членови, чиј мандат трае 4 години, со право на повторен избор.

Член на Собранието може да биде член на Здружението, кој кумулативно исполнува најмалку 3 од следниве критериуми:

- најмалку 25 пријавени дела;
- чии права колективно се управувани од ова Здружение во непрекинато траење во последните 5 пресметковни години;
- висината на надоместокот кој носителот на правото го остварил во последните 5 години да не е помал од 500 € (евра) во денарска противвредност годишно во континуитет;
- да е афирмиран автор, кој со својата работа дал придонес во развојот на музичкото творештво, македонската музика и заштитата на авторските права.

Собранието избира Претседател од редот на своите членови, со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието, со мандат од 4 години, со право на повторен избор. До изборот на Претседателот, со Собранието раководи најстариот член на Собранието.

Претседателот ја организира и координира работата на Собранието и се грижи за доследно спроведување на неговите одлуки.

Претседателот на Собранието свикува седница на членовите на Здружението.

## Член 13

Собранието е надлежно да:

- донесува статут и негови измени и дополнувања, програма и други акти, како и општ акт за распеделба на надоместоците и општ акт за определување на висината на надоместоците – тарифа;
- одлучува за овластување друга организација за колективно управување во случај на единствени надомест, утврден со овој Статут, или за вршење колективно управување, по овластување од друга организација;
- донесува финансиски план и план за работа;
- разгледува и усвојува годишен извештај за работа и завршна сметка, и финансиски извештај, кој го објавува на својата интернет страница;
- разгледува и усвојува извештаи за работата на Управниот Одбор и другите органи на Здружението;
- одлучува за промена на целта на Здружението со промена на Статутот согласно ЗАПСП;
- одлучува за внатрешната организација и работа на Здружението;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за здружување или раздружување од друго здружение, зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- одлучува по жалба на одлуки на Управниот одбор;
- ги објавува извештаите за работата и за прибраните надоместоци од користењата на делата, кои колективно ги управува, преку интернет, а факултативно може и преку еден од печатените медиуми, задолжително еднаш годишно и
- одлучува и за други прашања што не се ставени во надлежност на другите органи на Здружението, во согласност со закон, овој Статут и другите акти на Здружението.

## Член 14

Седница на Собранието се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието свикува претседателот на Собранието.

Седниците се свикуваат со писмена покана, а во случај на итност може да се свикаат и по телефон. Поканата за седницата го содржи дневниот ред, времето и местото на одржување на истата и се доставува најдоцна 3 дена пред одредениот ден за нејзино одржување.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор или 1/5 од вкупниот број на членови на Собранието.

Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Седница на Собранието може да свика и Надзорниот одбор, кога се работи за работата на Управниот одбор.

Начинот на свикување и водењето на седницата поблиску се уредува со Деловникот за работа на Собранието.

## Член 15

Собранието полноважно работи ако се присутни повеќе од половина од членовите на Собранието, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Седниците на Собранието се јавни, освен ако Собранието одлучи одделни прашања да се разгледуваат без присуство на јавноста.

## Член 16

Предлагањето и утврдувањето кандидати за претставници на Собранието го вршат членовите на Здружението кои расправаат односно одлучуваат на седница на членовите на Здружението.

Седницата од став 1 на овој член ја свикува Претседателот на Собранието најдоцна 6 месеци пред истекот на мандатот на членовите на Собранието. Седницата може да се свика и на барање на најмалку 2/3 од членовите на Здружението, како и на барање на Претседателот на Управниот одбор.

За времето и местото на одржувањето на седницата од став 1 на овој член, членовите се известуваат писмено по ПТТ, и со јавен повик, објавен на интернет страницата на Здружението и во најмалку еден печатен медиум, најдоцна 15 дена пред седницата.

На седницата од став 1 на овој член, полноважно ќе се работи ако се присутни најмалку 10% од членовите на Здружението, а заклучоците, мислењата и предлозите ги донесува со мнозинство од присутните членови.

Со седницата од став 1 на овој член, раководи претседавач, кој го избираат членовите со јавно гласање и тоа со мнозинство гласови од присутните членови.

На седницата од став 1 на овој член се одлучува и за престанок на Здружението со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови во случаи утврдени со закон и овој Статут.

## Член 17

Утврдувањето на листата на кандидати за членови на Собранието, членовите на Здружението го вршат со јавно гласање и тоа на истата седницата на членовите на Здружението од член 16 на овој Статут, по претходно утврдување дека кандидатот ги исполнува условите од член 12 на овој Статут. Листата на кандитати претходно ја изготвува Стручната служба на Здружението. Изборот се врши на истата седница, со мнозинство од гласовите на присутните и најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот на членовите на Собранието.

## Член 18

Изборот на членови на Собранието се врши со тајно гласање.

Гласањето се врши со гласачки ливчиња.

Гласачкото ливче содржи:
- име и презиме на кандидатите;
- бројот на членови на Собранието што се избираат.

Кандидатите се внесуваат во гласачкото ливче по редослед според азбучниот ред на името, а гласањето се врши со заокружување на бројката пред името на кандидатот.

## Член 19

Гласањето го спроведува комисија од 3 члена, избрана од присутните членови на седницата на членовите на Здружението од член 16 на овој Статут и тоа пред предлагање на кандидати за членови на Собранието. Комисијата е надлежна да изврши проверка во документацијата изготвена од страна на Стручната служба на Здружението за исполнување на критерумите на кандидатите за членови на Собранието и да го потврди, односно оспори правото за кандидирање.

## Член 20

За член на Собранието е избран кандидатот, кој добил мнозинство гласови од тие што гласале.

Ако за кандидати за членови на Собранието се предложени повеќе кандидати отколку бројот на членовите на Собранието што се избираат, за член на Собрание е избран кандидатот кој добил најголем број на гласови.

Доколку има кандидати со ист број гласови, односно не е избран доволен број членови, до конечно утврдување на потребниот број членови на Собранието, гласањето се повторува, односно, постапката се повторува.

## Член 21

Работата на Собранието поблиску се уредува со Деловникот за работа на Собранието.

# УПРАВЕН ОДБОР

## Член 22

Управниот одбор го сочинуваат 8 членови.

Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието за време од 4 години, со право на повторен избор.

Од избраните членови на Управниот одбор, Собранието бира Претседател со мнозинство гласови од присутните членови, со мандат од 4 години, со право на повторен избор.

## Член 23

Предлагањето и утврдувањето на кандидати за членови на Управниот одбор го врши Собранието со јавно гласање.

Член на Управниот одбор може да биде член на Здружението, кој кумулативно исполнува најмалку 3 од следниве критериуми:

- најмалку 50 пријавени дела;
- чии права колективно се управувани од ова Здружение во непрекинато траење во последните 7 пресметковни години;

- висината на надоместокот кој носителот на правото го остварил во последните 5 години да не е помала од 1500 € (евра) во денарска противвредност годишно во континуитет;

- да е афирмиран автор кој со својата работа дал придонес во развојот на музичкото творештво, македонската музика и заштитата на авторските права

## Член 24

Управниот одбор е надлежен да:

- предлага донесување одлуки од Собранието;
- утврдува нацрт статут, акти и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- одлучува за склучување договори со корисниците на правата, што колективно ги управува односно дава дозволи или друг пишан документ за користење право, согласно ЗАПСП;
- ја утврдува евиденцијата на делата, најмалку еднаш годишно;
- одлучува за вршење стручно-административни и други работи за други здруженија, организации и носители на права, како и за нивниот надомест.
- основа Стручна служба;
- врши контрола на работата на Стручната служба и бара извештаи за нејзината работа;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето, со одлука;
- одлучува по приговори на носителите на правата на поединечна пресметка на авторски надоместок;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- подготвува годишен план или периодичен извештај за својата работа;
- ги следи новините во колективното управување на авторските права во земјата и странство и утврдува ставови и предлага мерки за подобрување на колективното управување;
- го избира Директорот на Стручната служба.

## Член 25

Управниот одбор работи на седници.

Управниот одбор за одделни прашања од својата надлежност може да формира комисии и други работни тела.

## Член 26

Претседателот на Управниот одбор ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор и врши други работи во согласност со закон, статутот и актите на Здружението, кои му ги определува Управниот одбор за прашања од своја надлежност.

## Член 27

Управниот одбор полноважно одлучува ако на седниците се присутни повеќе од половина од неговите членови, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови.

Седниците се свикуваат со писмена покана, а во случај на итност може да се свикаат и по телефон. Поканата за седницата го содржи дневниот ред, времето и местото на одржување на истата и се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за нејзино одржување.

## Член 28

Член на Управниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина од втор степен, како и за прашања кои се однесуваат на лице врз кое тој има правен или економски интерес.

## Член 29

Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.

# НАДЗОРЕН ОДБОР

## Член 30

Надзорниот одбор врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на Здружението во согласност со закон и овој Статут.

Надзорниот одбор го сочинуваат 4 члена.

Членовите на Надзорниот одбор се избираат за време од 4 години, со право на повторен избор.

Изборот на членовите на Надзорниот одбор се врши според критериумите, рокови, објава и други услови предвидени за постапката утврдена за избор на членови на Собранието.

Надзорниот одбор избира Претседател на Одборот од редот на своите членови. До изборот на Претседателот со седницата раководи најстариот член на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор работи на седници кои ги свикува Претседателот на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор полноправно одлучува ако се присутни повеќе од половина од членовите, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Органите на Здружението и Стручната служба се должни на Надзорниот одбор да му ја ставаат на располагање вкупната документација за остварување на надзорот.

Работата на надзорниот одбор поблиску се уредува со Деловник за работа.

## Член 31

Управниот одбор и Надзорниот одбор за својата работа се одговорни пред Собранието.

Управниот одбор и Надзорниот одбор поднесуваат извештај за својата работа до Собранието на Здружението.

## Член 32

Членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор може да бидат отповикани и пред истекот на мандатот доколку не ги извршуваат обврските утврдени со Деловникот за работа, Статутот и закон, на начин и постапка утврдена за нивниот избор.

Со Деловникот за работа на Собранието на Здружението поблиску се уредуваат условите, постапката, роковите и други услови за отповикување на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор.

# 5.Услови и начин за стекнување статус на член на Здружението

## Член 33

Член на Здружението може да биде секој автор, односно носител на правата што колективно ги управува Здружението, што има државјанство на Р. Македонија, односно живеалиште или престојувалиште на територијата на Р.Македонија.

Зачленување во Здружението е доброволно и се врши со поднесување пристапница на посебен образец утврден и донесен од страна на Собранието.

Управниот одбор, на првата наредна седница, со акт го констатира приемот на новите членови, по претходно прибавена соодветна документација од страна на Стручната служба. На актот на Управниот одбор, подносителот на пристапницата има право на жалба во рок од 15 дена до Собранието, кое по жалбата ќе одлучува на првата наредна седница.

Здружението води регистар на своите членови кој се ажурира еднаш годишно.

Здружението ја гарантира тајноста на личните податоци во согласност со прописите за заштитата на личните податоци, висината на поединечните авторски надоместоци и класифицираните информации на сите носители и корисници на правата што колективно ги управува.

## Член 34

Членството во Здружението престанува:

- по писмено барање на членот и
- во случај на смрт.

# 6. Начин и учество на членовите на Здружението во органите и нивни права, должности и одговорности

## Член 35

Членовите на Здружението ги имаат следните права, должности и одговорности:

- активно да работат врз остварувањето на целите и задачите на Здружението;
- да избираат и да бидат бирани во органите и телата на Здружението;
- да учествуваат во работата на органите и телата на Здружението согласно закон и овој статут;

- да го почитуваат Статутот и другите акти на Здружението и да го чуваат угледот на Здружението;
- да покренуваат иницијативи и да даваат предлози за унапредување на работата на Здружението;
- да бидат информирани за финансиско-материјално и друго работење на Здружението, односно неговите органи.

## 7. Постапка за иземање (забрана) од колективно управување право од страна на носител на правото

### Член 36

Носителот на право може да иземе (забрани) колективно управување на свое право од страна на Здружението за кое има дозвола за колективно управување, освен во случаи кога од истото не може да се откаже, согласно ЗАПСП.

Иземањето (забраната) од колективно управување, носителот на правото го врши со поднесување писмена изјава заверена кај нотар, на образец утврден и донесен од страна на Собранието. Иземањето, влегува во сила од наредната претсметковна година.

## 8. Постапка за заштита на правата на носителите на права

### Член 37

Секој автор има право на увид во личните податоци за користење на неговите дела, на пресметката и на другата документација поврзана со тоа.

Носителот на права има право, да поднесе приговор и достави докази доколку е незадоволен од извршената пресметка.

Приговорот од став 2 на овој член се поднесува до Управниот одбор најдоцна во рок од 30 дена од приемот на поединечната пресметка.

По приговорот од став 2 на овој член, одлучува Управниот Одбор, по прибавување на соодветно мислење од Стручната служба и/или други органи кои располагаат со содветни податоци, најдоцна во рок од 30 дена по приемот на приговорот.

Против одлуката на Управниот одбор, носителот на права има право да поднесе жалба до Собранието, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката.

Одлуката на Собранието е конечна.

## 9. Постапка за донесување на општите акти на Здружението

### Член 38

Надлежните органи на Здружението, согласно овој Статут, ги донесуваат следните општи акти:

- општ акт за определување на висината на надоместоци за користење кој носи назив: Правилник со тарифа за користење авторски музички дела;

- акт за распределба на надоместоците кој носи назив: Правилник за распределба авторски надоместоци.

## Член 39

Здружението ги донесува и објавува општите акти, во рок предвиден согласно ЗАПСП од денот на влегувањето во сила на актот за давање дозвола за колективно управување на правата согласно ЗАПСП и Законот за општата управна постапка.

Измени и дополнувања на општите акти се врши на начин и постапка утврдени за нивно донесување.

## Член 40

Здружението го донесува и објавува Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела во согласност со закон и статут.

## Член 41

Здружението го донесува Правилникот за распределба на авторски надоместоци во согласност со закон и статут.

Општите акти, по нивното донесување од надлежен орган на Здружението, се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

# 10. Начин на прибирање на надоместоците и начела за нивна распределба, односно стекнување и располагање со средствата

## Член 42

Здружението обезбедува средства од следниве редовни и вонредни извори:

- авторски надоместоци што ги прибира Здружението, во согласност со ЗАПСП, овој Статут и општите акти на Здружението;
- прилози, подароци, завештанија, фондации сл.;
- донаторства и спонзорства од страна на физички и правни лица;
- приходи од вршење на административно-технички работи за други субјекти врз основа на договори;
- други извори во согласност со закон;
- дел од неисплатените авторски надоместоци на непознати домашни носители на права и на странски носители на права кои Здружението ги задржува, согласно правилата на Меѓународната конфедерација на авторски друштва и склучени билатерални договори, во согласност со општиот акт за распределба на надоместоците.

Здружението го води материјално-финансиското работење и деловните книги на начин и постапка утврдена со закон.

## Член 43

За користење на делата на авторите чии права колективно се остваруваат, Здружението наплатува од корисниците авторски надоместоци првенствено во согласност со:

- општ договор помеѓу Здружението и здруженијата на одделни категории корисници односно нивните комори што го претставуваат мнозинството корисници (Општ договор);
- поединечен договор помеѓу Здружението и поединечен корисник (поединечен договор) и
- Правилник со тарифа за користење на авторски музички дела во согласност со закон.

## Член 44

Здружението е должно во рокови определени со ЗАПСП да дава дозвола, обезбедува документација за користени дела и да изврши наплата на надоместоците за користените дела.

Во случаи кога корисникот го користи делото без да се исполнети законските услови, Здружението поведува постапка пред надлежен суд за забрана на користењето, како и други соодветни судски постапки.

## Член 45

За користење на авторското дело, за права кои колективно се управуваат здружението наплатува надоместоци за користење согласно основите предвидени со закон.

## Член 46

При определувањето на висината на надоместоците од член 45 на овој Статут, се земаат предвид сите критериуми предвидени со закон.

Висината на надоместокот од правото на следство е определен во ЗАПСП.

Висината на надоместокот од правото за умножување за приватно користење ја утврдува Владата на Република Македонија.

## Член 47

Висините на надоместоците за вршење стручно административни и слични работи за други здруженија, организации или носители на права, како и за надоместокот, кога се работи за случаи на овластување за колективно управување кај единствениот надомест, се определуваат од надлежен орган на Здружението.

## Член 48

Прибраните средства на Здружението по основа на користење на делата, по основа на вршење административно технички работи за други субјекти, наплата од

судски и други постапки и друго, претставуваат редовни и вонредни средства на Здружението, што поконретно се определуваат во општите акти на Здружението.

Распределбата на средствата на Здружението се врши според начелата определени со овој статут и ЗАПСП.

При користење дела на хуманитарни манифестации или други активности, чии права Здружението колективно ги управува, Управниот одбор може да одлучи, во целост или делумно, дел од авторскиот надоместок, да се вложи во хуманитарната цел.

### Член 49

Прибраните средства на Здружението се распределуваат во репартициските класи и фондови.

Поединечните пресметки и исплатите на надоместоците се вршат еднаш годишно.

Вонредните средства остварени во рамките на извршувањето на дејноста, односно активностите на Здружението за една календарска година се вклучуваат во соодветни класи и фондови и се распределуваат согласно член 48 на овој Статут и ЗАПСП.

Висината на процентот што влегува во соодветните класи и фондови и начинот на нивното распределување го утврдува Управниот одбор за секоја календарска година.

### Член 50

За покривање на вкупните трошоци за работа на Здружението може да се користат средства од прибраните надоместоци во износ до 15%, а во случај на колективно управување со единствениот надоместок, определен со закон, не повеќе од 20%. Трошоците за водење на судските постапки, судските такси, трошоците за вештачење, адвокатските трошоци и извршните трошоци се утврдуваат со одлука на Собранието и тие не влегуваат во вкупните трошоци за работа на Здружението.

По завршување на календарската година со финансискиот извештај изготвен од страна на Надзорниот одбор и Стручната служба на Здружението, остатокот од средствата по извршување на административно-технички работи за други здруженија кои се предвидени со посебен договор, нивната намена ја утврдува со акт Собранието на Здружението.

## 11. Утврдување постапка и начела за склучување договори со соодветни организации во земјата и странство и начин на обезбедување размена на информации за колективното управување

### Член 51

Здружението, при остварување на целите и задачите за кои е основано, соработува со други соодветни здруженија, односно субјекти во странство при што со посебни договори ќе се обезбеди размена на информации потребни за колективното

управување на домашните автори во странство, како и на странските автори на територија на Р.Македонија.

Здружението може да се поврзува или здружува во сојузи или во други облици на поврзување или здружување, за заедничко унапредување на својата работа и активности и за остварување на прашања од заеднички интерес.

Здружението може да се зачленува и поврзува во соодветни меѓународни организации за што одлучува Собранието.

### Член 52

Здружението може да склучува договори за соработка со домашни и странски здруженија, асоцијации и други организации на носители на авторското право и сродните права или со поединечни домашни и странски носители на авторското право и сродните права, заради колективно или поединечно управување на авторското право и сродните права.

Договорите за соработка од став 1 на овој член може да вклучуваат и одредби според кои Стручната служба на Здружението може да врши административно-технички услуги и да користи опрема и средства на Здружението за субјектите од став 1 на овој член, кои што вршат колективно управување на авторското право и сродните права.

Административно-техничките услуги од став 2 од овој член може да се однесуваат и на субјектите од став 1 од овој член што вршат индивидуално управување на авторското право и сродните права, доколку тие се остваруваат истовремено и се во непосредна врска со колективното управување, а во Р.Македонија нема овластени лица коишто би ги застапувале тие права или би ги застапувале во тесна соработка со соодветни овластени здруженија за колективно управување на правата.

## 12. Начин и услови за обезбедување на внатрешна контрола и надзор врз работењето

### Член 53

Контролата на работењето на Здружението се остварува од страна на надлежни органи на Здружението и од носителите на правата што ги управува Здружението на начин и под услови предвидени со закон, кои заради контрола можат да побараат:

1) годишни извештаи од органите на Здружението и Стручната служба на Здружението за прибраните средства, нивната распределба, работата на Здружението и примената на општите актите на Здружението и за спроведување на договорите со корисниците и со соодветните странски здруженија;

2) обезбедува независен ревизиски извештај за финансиската состојба заедно со мислењето за регуларноста на работата во согласност со ЗАПСП, општите акти на Здружението и склучените договори и

3) предлози за финанискиот план и трошоците за работата за наредната година.

Одредбите од ставот 1 на овој член не влијаат на обврските на Здружението спрема други финансиски извештаи и ревизии превземени врз основа на другите прописи.

Здружението е должно да достави годишен финансиски извештај до Владата на Република Македонија.

## 13. Начин и услови на обезбедување јавност на работењето кон членовите, кон корисниците и кон пошироката јавност

### Член 54

Работата на Здружението е јавна, а јавноста на работењето се остварува преку непосредно известување на носителите на правата, известувања преку интернет страницата на Здружението и преку јавните гласила за корисниците и пошироката јавност и тоа на сите податоци кои организацијата е должна да ги објави согласно закон и статут.

### Член 55

На седниците на органите на Здружението кои одлучуваат, може да присуствуваат членовите на Здружението како и носителите на правата.

За одделни седници на органите на Здружението се известуваат јавните гласила со цел да се обезбеди информирање на пошироката јавност за работата на Здружението.

### Член 56

Носителите на правата имаат право, во секое време, покрај, за редовните извештаи што се поднесуваат до Собранието, да бидат информирани и за активностите што ги превземаат органите.

Секој носител на право, има право да побара увид, во секое време, во годишниот финансиски извештај и во извештајот на Надзорниот одбор и да побара писмен извештај за прибраните средства од користењето на неговите авторски дела. Здружението е должно таков извештај да му достави најдоцна во рок од 8 дена од приемот на барањето.

### Член 57

Здружението е должно еднаш годишно да ги објавува извештаите за работата, за прибраните надоместоци од користење на делата кои колективно ги управува како и други податоци согласно закон и статут преку интернет страницата, а може и преку еден од печатените медиуми.

## 14. Услови за престанок на Здружението и распределба на имотот

### Член 58

Здружението престанува:

- ако се намали бројот на членовите под законскиот минимум;

- ако надлежен државен орган донесе решение за престанок на Здружението во случаи и постапка утврдена со закон;
- други случаи утврдени со закон.

## Член 59

Кога Здружението ќе престане со работа, имотот што ќе остане по намирувањето на неговите обврски се пренесува на носителите на правата што колективно ги управува Здружението кои имаат државјанство, живеалиште или престојувалиште на територијата на Р.Македонија.

# 15.Стручна служба

## Член 60

За извршување на стручните и административно-технички работи за потребите на Здружението поврзани со колективното управување на авторските права, односно со целите и задачите за кои е основано Здружението, се основа Стручна служба.

# ДИРЕКТОР

## Член 61

Со Стручната служба на Здружението раководи Директор.

За својата работа Директорот му одговара на Управниот одбор.

Управниот одбор го избира Директорот врз основа на јавен конкурс, за време од 4 години, со право на повторен избор.

## Член 62

Овластувања и одговорности на Директорот:

- го организира работењето на Здружението и ја води работата на Стручната служба;
- донесува програма за работа на Стручната служба и превзема мерки за нејзино спроведуање;
- го застапува Здружението пред судовите и другите органи во рамките на делокругот на работата на Здружението, склучува договори и сл.во согласност со овластувањето на Претседателот на Управниот одбор;
- ги спроведува одлуките донесени од Управниот одбор, ја води евиденцијата на делата и најмалку еднаш годишно ја доставува до Управниот одбор за утврдување;
- издава налози во врска со финансиското работење на Здружението и овластувањата од страна на Управниот одбор, доколу согласно овластувањето е еден од потписниците на жиро сметката на Здружението;
- поднесува извештај до Управниот одбор за работењето на Стручната служба;
- се грижи и учествува во подготвувањето на материјалите за седниците и другите активности на органите на Здружението;

- овластува правни застапници, формира застапничка мрежа на територија на Р.Македонија и слично, согласно овластувањата од Претседателот на Управниот одбор и

- одлучува по прашања од работен однос на работниците во Стручната служба, во согласност со Закон и колективен договор.

Директорот учествува во работата на органите на Здружението без право на одлучување.

### Член 63

Организацијата на Стручната служба, работните места, бројот на извршителите на одделни работни места и условите потребни за вршење на работите на одделни работни места ги утврдува Управниот одбор, со посебен акт. Директорот има право да поднесува предлог-акти.

## 16.Преодни и завршни одредби

### Член 64

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат на начин и постапка утврдена за неговото донесување.

### Член 65

Статутот влегува во сила од денот на неговото донесување од страна на Собранието на Здружението, а ќе се применува по влегувањето во сила на актот за давање дозвола за колективно управување права утврдени со овој Статут, согласно ЗАПСП и Законот за општата управна постапка.

Во случаи на измени и дополнувања на Статутот, доколку во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето за добивање согласност, Министерството за култура не донесе решение, за давање согласност или за одбивање на барањето, согласно ЗАПСП, ќе се смета дека согласноста е дадена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**НА**

**СОБРАНИЕТО НА ЗАМП**

**Проф Живоин Глишиќ**